# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 13 Јули 2005 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 200 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
| ***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk*** | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во општина Прилеп во текот на 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 3 од од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.4/94, 28/97, 18/99, 53/2001 и 45/2002) член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр. 2/2002) и членовите 22, 36 и 95 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на

РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.07.2005 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2005 година

А. ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА, ПО БАРААЊЕ НА ГРАЃАНИ

1. - ГУП за град Прилеп - проширување на урбаниот опфат за стопански комплекс во К.О. Варош на К.П. бр. 2829 и соседни парцели со површина до 1.5 Ха, на К.П. бр. 3.922, 3.923, 3924 и 3925.
(Со донесувањето на ова дополнување на Програмата, се брише точка 3. глава 2. од Програмата за просторни и урбанистички планови за 2005 година за Општина Прилеп.)

2. - Измена и дополнување на ГУП за стопански комплекс за производни погони во М.В. Тополка во К.О. Варош К.П. бр. 1652.

Број 07 - 1215/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1303/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП “Водовод и канализација" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП “Водовод и канализација" - Прилеп, број 02 - 67/1-4 од 28.02..2005 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1215/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ "НИСКОГРАДБА-ВИК" ДООЕЛ ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба-ВИК" ДООЕЛ Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба - ВИК ДООЕЛ" - Прилеп

1. Се дава согласност на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба - ВИК ДООЕЛ" - Прилеп, број 02 - 67/1-3 од 28.02.2005 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1215/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ, ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2005 ГОДИНА**

1. Одлуката за надоместок на трошоците на политичките партии, за локалните избори во 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/5
13.07.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ" бр. 45/2004 пречистен текст), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.07.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за надоместок на трошоците на политичките партииза локалните избори во 2005 година

Член 1

На организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Прилеп, односно Градоначалник на Општина Прилеп им се определува надоместок на трошоците за изборите во 2005 година, за секој добиен глас по 15 денари и тоа:

а) За избрани членови на Советот:

- На ДА за добиени 1.105 гласови, 16.575 денари;
- На коалицијата СДСМ + , за 10.645 гласови, 159.675 денари;
- На коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за 11.176 гласови, 167.640 ден.;
- На ЛД за 1321 глас, 19.815 денари; и
- На ВМРО - Народна партија за 3.722 гласа, 55.830 денари.,

односно вкупно 419.535 денари,

б) За избран Градоначалник на Општина Прилеп,

- На коалицијата ВМРО ДПМНЕ + , за добиени 19.731 глас, 295.965 денари, или се вкупно: 715.500 денари.

Член 2

Надоместокот на трошоците за изборите од член 1 на оваа Одлука, ќе се исплати од Буџетот на општина Прилеп за 2005 година, во рок од (три) 3 месеци по поднесувањето на финансиските извештаи за изборната кампања.

Член 3

Одлуката да се достави до политичките партии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1215/6
05.07.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ПРИЛЕП**

1. Решението за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/6
13.07.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕБАЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Ребалансот на буџетот на општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/7
13.07.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС - ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС - Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1304/8 | ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2005 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 43 од Статутот на ЕЛС-Прилеп, Советот на ЕЛС-Прилеп на седницата одржана на 05.07.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС -Прилеп за 2005 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на на ЕЛС-Прилеп за 2005 година (во понатамошниот текст Буџетот), (" Службен гласник на Општина Прилеп" бр.9/2005), по член 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

" Вредноста на бодот за исплата на плати на Државните службеници изнесува 40.10 денари.

**Член 2**

Членот 12 се менува и гласи:

" Средствата утврдени во Буџетот и распоредени по програмите;
- Програма Совет
- Програма Градоначалник
- Програма администрација
- Програма урбано планирање
- Програма комунални дејности
- Програма култира
- Програма социјална заштита и заќтита на деца
- Програма образование, ги извршува Градоначалникот на ЕЛС-Прилеп.

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на ЕЛС-Прилеп се извршуваат од 01.07.2005 до 31.12.2005 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на ЕЛС-Прилеп", а ќе се применува од 01.Јули 2005 година.

Бр. 07-1215/9 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.07.2005 година | на Совет на Општина Прилеп
Прилеп | Оливер Деркоски

## С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр.12 од 13.07.2005 година

1 Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови во општина Прилеп во текот на 2005 година. ..................................................**Стр. 1**

2. Решение за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп.......................................................................**Стр. 2**

3. Решение за давање согласност на Одлуката за основање на трговско друштво со ограничена одговорност основано од едно лице "Нискоградба-ВИК" ДООЕЛ Прилеп..................................................... ..........................................................................**Стр. 2**

4. Одлука за надоместок на трошоците на политичките партии, за локалните избори во 2005 година. ..........................................................................................**Стр. 3**

5. Решение за изменување на Решението за именување членови на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп. ..........................................................**Стр. 3**

6. Ребаланс на буџетот на општина Прилеп за 2005 година.............................**Стр. 4**

7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на ЕЛС - Прилеп за 2005 година...........................................................................................**Стр. 29**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески–Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.